**Интервју на директорот Тони Димовски за списанието за земјоделство и рурален развој "Моја земја" - Септември 2009**



# Подобра конкурентност



Димовски: Постои интерес за сите мерки

За мерките од Програмата за рурален развој за 2009 година до платежната агенција се поднесени 2.354 барања. Најголем број од поднесените барања односно 1.783 се однесуваат на иннвестициите за подобрување конкурентност и модернизација на земјоделските стопанства, вклучително и аква култура. Потоа по мерката инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи за која се поднесени 129 барања.Исто така задоволувачки е интересот по мерката промотивни активности за развој на рурален туризам за која се понесени се 31 барање како и за мерката Инвестиции за рурална инфраструктура за која се поднесени се 84 барања. Исто така интерес постои и за мерката Финасиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам поднесени се 31 барање како и Инвестиции за подобрување на знаењето и унапредување на човечкиот потенцијал на земјоделските производители, обезбедување на советодавни услуги и едукација за управување со земјоделско стопанство понесени и мерката инвестиции за производство и користење на обновливи енергии во руралпни средини. Во фаза на финализирање е постапката за склучување на договори со потенцијалните корисници по наведените мерки.